Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 2 3235-400; Факс: + 389 2 3235-501
e-mail: manu@manu.edu.mk

Бр. 01-209/1
24.01.2013 год.

Врз основа на член 61 од Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен” бр. 4/2012), Претседателството на Академијата на седницата одржана на 24.01. 2013 година го утврди пречистениот текст на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите. Пречистениот текст на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите ги опфаќа: Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен” бр. 4/96), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен” бр. 4/2000), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен” бр. 3/2005), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен” бр. 1/2009), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен” бр. 3/2011) и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен” бр. 4/2012), во кои е означено времето на нивното влегување во сила

# **С Т А Т У Т**
# **НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА**
# **НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ**

(Пречистен текст)

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој статут поблиску се уредуваат: остварувањето на задачите на Академијата и јавноста во работата; изборот на членови на Академијата и нивните права и должности; органите и работните тела на Академијата и нивниот делокруг; организацијата на Академијата; средствата за работа; организацијата на Секретаријатот на Академијата; донесувањето на општи акти; амблемот и печатот на Академијата.

## II. ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

### *1. Научноистражувачка и уметничка дејност*

Член 2

Научноистражувачката и уметничката дејност што се остварува во Академијата се изведува врз основа на научноистражувачки и уметнички проекти.

Научноистражувачките и уметничките проекти можат да бидат едногодишни или повеќегодишни.

Член 3

Научноистражувачките и уметничките проекти ги изведуваат членовите на Академијата индивидуално или колективно, а за нивно изведување можат да бидат формирани и посебни групи. Во изведувањето на одделни проекти можат да учествуваат и научни работници или уметници кои не се членови на Академијата.

Одделни научноистражувачки и уметнички проекти можат да се изведуваат врз основа на договор меѓу Академијата и соодветна високообразовна, научна и уметничка установа или организација.

За договорно изведување на проект се формира заедничка група.

Кога изведувањето на одделен проект, чиј носител е Академијата, го врши посебна или заедничка група, со нејзината работа раководи член на Академијата.

Член 4

Научноистражувачките и уметничките проекти се финансираат од средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија, од фондовите за научно-истражувачка или уметничка дејност на Републиката, од посебни фондови и фондации, како **и** од средства на одделни домашни или странски физички и правни лица.

За изведување на одделен научноистражувачки или уметнички проект Академијата може средствата со кои располага да ги здружува со одделни високообразовни, научни и уметнички установи или организации.

Член 5

Предлог за истражување во областа на науките и уметностите утврдува одделение на Академијата врз основа на поднесен проект. Предлог на проект можат да поднесат: член на одделението, научна или уметничка организациона единица или работно тело на Академијата.

Иницијативата за организирање на истражување во областа на науките и уметностите поднесена од високообразовна, научна и уметничка установа или организација, како и од Владата на Република Македонија ја разгледува соодветно одделение и ако неа ја прифати, се формира работна група која на одделението му поднесува предлог на проект.

Проектот треба да содржи особено: предмет на истражувањето и основни резултати што се очекуваат од истражувањето, времетраење на истражувањето, раководител на проектот и соработници кои ќе учествуваат во неговото изведување и нивните научни, односно уметнички звања, износ на средствата потребни за финансирање на истражувањето и изворите на средствата од кои тоа ќе се финансира.

За прифаќање на поднесениот предлог за истражување во областа на науките и уметностите решава Претседателството на Академијата по претходно мислење од Одборот за научни и уметнички дејности.

Член 6

Ако научноистражувачкиот и уметничкиот проект се изведува во две или повеќе години, раководителот на проектот е должен за секоја календарска година да му поднесува на одделението годишна програма, во која особено треба да бидат определени истражувачките активности што ќе бидат преземени во текот на годината, износот на финансиските средства потребни за нивно изведување и намените за кои тие ќе бидат употребени.

Член 7

Непосреден увид во изведувањето на проектот врши одделението што го поднесло предлогот за истражувањето.

Раководителот на проектот на крајот на календарската година поднесува извештај за текот на изведувањето на проектот, а по неговото завршување поднесува и завршен извештај.

Член 8

Поблиски одредби за поднесување на научноистражувачки и уметнички проекти, за нивното разгледување, усвојување и начинот на изведувањето, за финансирањето на проектите и за користењето и располагањето со средствата за нив, за увидот во нивното изведување, за правата и должностите на раководителот на проектот, за поднесувањето на извештаи за нивното изведување, како и за презентирањето на резултатите од истражувањата, пропишува Претседателството на Академијата со посебен правилник.

Со Правилникот од став 1 на овој член, за остварување на научноистражувачки и уметнички проекти што се финансираат од посебни фондови и фондации, како и од средства на одделни домашни и странски физички и правни лица, може да се предвиди поинаква постапка од постапката предвидена во член 5, 6 и 7 од Статутот на Академијата.

*2. Научни собири, изложби, концерти, литературни читања и други приредби*

Член 9

Академијата организира научни и свечени собири, изложби, концерти, литературни читања, предавања и други приредби.

Научни собири (симпозиуми, советувања, трибини, тркалезни маси) се организираат за разгледување на одделни прашања од областа на науките и уметностите.

Свечени собири се организираат за одбележување годишнини на значајни настани од историјата на македонскиот народ и на националностите во Македонија, како и на годишнини од животот и дејноста на особено значајни личности кои придонесле за културниот, научниот и општиот развиток на Македонија.

Изложби, концерти, литературни читања и друго (во натамошниот текст: уметнички приредби) се организираат за претставување на уметничкото творештво на членовите на Академијата и на други истакнати творци од земјата и странство, како и на значајни творби од културното наследство на Македонија.

Предавања се организираат за запознавање на јавноста со одделни проблеми од областа на науките и уметностите и со резултатите од истражувањата во овие области на членовите на Академијата и на други истакнати научни работници од земјата и странство.

Член 10

Предлог за организирање на научен и свечен собир и уметничка приредба утврдува одделение на Академијата врз основа на иницијатива поднесена од член на Академијата, од научна или уметничка организациона единица или од работно тело на Академијата. Соодветното одделение исто така ги разгледува и

иницијативите за организирање на научни и свечени собири и уметнички приредби поднесени од високообразовна, научна и уметничка установа или организација. Ако одделението ја прифати иницијативата, утврдува предлог за нивно организирање.

Одлука за организирање на научен и свечен собир и уметничка приредба, како и за вкупниот износ на финансиските средства за нивното организирање, донесува Претседателството на Академијата по претходно мислење од Одборот за научни и уметнички дејности.

Член 11

За организирање на научен и свечен собир и уметничка приредба, Претседателството на Академијата, на предлог од соодветно одделение, именува организационен одбор, во чиј состав можат да бидат именувани и научни работници или уметници кои не се членови на Академијата.

Кога научниот и свечениот собир и уметничката приредба се организираат заедно со одделна високообразовна, научна и уметничка установа или организација, Претседателството на Академијата именува организационен одбор составен од членови на Академијата и претставници на соодветната установа или организација, како и од други договорно определени научни работници и уметници.

За претседател на организациониот одбор од претходните два става на овој член се именува член на Академијата.

Организациониот одбор го утврдува предлогот на програмата и на претсметката на финансиски средства неопходни за организирање на научниот и свечениот собир и уметничката приредба и презема мерки за нивното организирање и одржување.

Програмата и претсметката на финансиските средства ги разгледува и утврдува одделението што го поднесло предлогот за организирање на научниот и свечениот собир или уметничката приредба.

Член 12

По одржувањето на научниот и свечениот собир и на уметничката приредба, организациониот одбор поднесува извештај за текот и резултатите од собирот, односно уметничката приредба и за потрошените средства за нивно организирање и одржување.

Извештајот од претходниот став на овој член го разгледува соодветното одделение и со свое мислење го доставува до Претседателството на Академијата.

Член 13

Одлука за одржување на предавање донесува соодветно одделение и тоа се грижи за негово организирање.

Претседателството на Академијата може да реши организацијата на одделен научен и свечен собир и на уметничка приредба да му ја довери на соодветно одделение. Во таков случај одделението именува организационен одбор и го разгледува извештајот за нивното одржување и за потрошените средства и го доставува до Претседателството на Академијата.

Член 14

Поблиски одредби за организирањето и одржувањето на научните и свечените собири, за уметничките приредби и предавањата, за содржината на

предлогот за нивно одржување, за програмата и финансирањето, за задачите и работата на организационите одбори, како и за други прашања во врска со организирањето на научни собири и уметнички приредби и предавања пропишува Претседателството на Академијата со посебен правилник.

### *3. Издавачка дејност*

Член 15

За претставување на резултатите од научноистражувачката и уметничката дејност Академијата издава научни трудови и уметнички творби на своите членови, трудови што се резултат од научноистражувачките и уметничките проекти изведувани во Академијата, трудови поднесени на научни собири организирани од Академијата, реферати поднесени на свечени собири, библиографии, зборници на документи и други изворни материјали, како и значајни дела од нашето културно наследство.

Академијата може да објавува особено значајни научни трудови и уметнички творби на научни работници и уметници кои не се членови на Академијата, доколку тие претставуваат особен интерес за Македонија.

Член 16

За објавување на научни трудови и уметнички творби решава Претседателството на Академијата врз основа на предлог од соодветно одделение на Академијата и мислење од Издавачкиот совет.

Иницијатива за објавување на определен труд или творба на одделението можат да му поднесат: членовите на Академијата, научните или уметничките организациони единици, раководителите на научноистражувачките и уметничките проекти, организационите одбори на научните собири и уметничките приредби и работните тела на Академијата.

Предлогот за објавување на труд или творба на член на Академијата одделението го утврдува врз основа на реферирањето за трудот, односно творбата од неговиот автор.

Предлогот за објавување на труд или творба од научен работник или уметник кој не е член на Академијата, одделението го утврдува врз основа на писмена рецензија од два члена на Академијата или други научни работници и уметници.

Член 17

За уредување на зборник на трудови од научноистражувачки или уметнички проект и од научен собир се именува уредувачки одбор од три члена, а за другите изданија се именува уредник.

Уредувачкиот одбор, односно уредникот го именува Претседателството на Академијата на предлог од соодветното одделение на Академијата.

Член 18

Изданијата на Академијата се објавуваат на македонски јазик.

Врз основа на предлог од соодветно одделение и мислење од Издавачкиот совет, Претседателството на Академијата може да реши одделни трудови или творби да се објават на јазикот на кој се напишани или на еден од светските јазици.

Изданијата на МАНУ се објавуваат во печатена и/или електронска форма.

Член 19

Одделенијата на Академијата можат да издаваат периодични публикации (списанија) во кои се објавуваат научни трудови и уметнички творби на членовите на Академијата, а можат да се објавуваат и трудови или творби на научни работници и уметници кои не се членови на Академијата.

За објавување на трудови или творби во периодичната публикација решава одделението врз основа на реферирање за трудот односно творбата од нивниот автор, ако е член на Академијата, односно врз основа на писмена рецензија од два члена на одделението или други научни работници и уметници, ако авторот не е член на Академијата, и мислење од уредувачкиот одбор на публикацијата.

Член 20

За уредување на периодичната публикација одделението од редот на редовните членови и од членовите надвор од работниот состав именува уредувачки одбор од три до пет члена.

За уредување на периодична публикација одделението може да именува уредувачки одбор од членови во работниот состав, членови надвор од работниот состав и од видни научници од земјата и од странство.

Членовите на уредувачкиот одбор се именуваат за време од четири години.

За објавување на одделни трудови или творби во периодичната публикација на странски јазик решава одделението на предлог од уредувачкиот одбор.

На предлог на уредувачкиот одбор одделението може да реши периодичната публикација делумно или целосно да се објавува на странски јазик.

Член 21

Висината на авторските надоместоци ја определува Претседателството на Академијата со одлука.

Член 22

Поблиски одредби за издавачката дејност на Академијата, за содржината на предлозите за објавување на научни трудови и уметнички творби, за донесувањето на решенија за нивно објавување и финансирање, за задачите на уредникот, односно на уредувачкиот одбор, за печатењето и тиражот, за формирањето на цената, за презентирањето на научниот труд или уметничката творба (промоција), како и за други прашања во врска со издавачката дејност, пропишува Претседателството на Академијата со посебен правилник.

## *4. Општи задачи во областа на науките и уметностите*

Член 23

Состојбите во науките и уметностите, состојбите на научноистражувачките и уметничките кадри, состојбите во областа на културното наследство и природното богатство, предлозите на акти со кои се утврдува политиката на Република Македонија во областа на науките и уметностите, како и предлозите на повеќегодишните програми за научноистражувачката или уметничката дејност во Републиката, Академијата ги разгледува на предлог од одделение на Академијата, утврден на иницијатива од член на одделение, научна или уметничка организациона единица и работно тело, како и на иницијатива од високообразовна, научна и уметничка установа или организација и од Владата на Република Македонија.

Член 24

За проучување на предлозите од претходниот член на овој статут и за изготвување на соодветни анализи или друг материјал, Претседателството на Академијата може да формира работна група составена од членови на Академијата и научни работници или уметници кои не се членови на Академијата. Оваа работна група може да биде задолжена да изготви:

– мислења и предлози за поттикнување на развојот на науките и уметностите и за нивното унапредување, за оспособување и усовршување на научноистражувачките и уметничките кадри или за негување и заштита на културното наследство и природното богатство;

– препораки за примена на современите методи во научните истражувања или за примена на современите научни знаења и резултати од научните истражувања;

– мислења и предлози за утврдувањето на политиката на Републиката во областа на науките и уметностите, односно за програмите на научноистражувачката и уметничката дејност во Републиката.

Член 25

Предлозите и иницијативите за разгледување на прашањата од член 23 на овој статут, како и анализите или други материјали, мислењата, предлозите и препораките изготвени од работната група од претходниот член на овој статут, ги разгледуваат одделенијата на Академијата, кои своите мислења и предлози ги доставуваат до Претседателството на Академијата.

Пред утврдувањето на своите мислења и предлози од претходниот став одделенијата обезбедуваат мислења и предлози од соодветните научни и уметнички организациони единици врз чие работење вршат увид.

Член 26

Мислењата, предлозите и препораките на Академијата во врска со прашањата од член 23 на овој статут ги утврдува Претседателството на Академијата. Ако оцени дека прашањата се особено значајни за науките и уметностите, Претседателството на Академијата може да свика седница на Собранието за разгледување на тие прашања и за усвојување на соодветни мислења, предлози или препораки.

Претседателството на Академијата пред утврдувањето на соодветните мислења, предлози и препораки или пред нивното разгледување на седница на Собранието, може да побара мислења и од заинтересирани високообразовни, научни и уметнички установи или организации.

Усвоените мислења, предлози или препораки Академијата ги доставува до соодветните високообразовни, научни и уметнички установи или организации и до надлежните државни органи.

## *5. Соработка со други академии на науките и уметностите и со научни и уметнички установи и организации*

Член 27

Во остварувањето на своите задачи Академијата воспоставува соработка со други академии на науките и уметностите, со меѓународни научни и уметнички асоцијации и организации, со високообразовни, научни и уметнички установи и

организации, како и со одделни научни работници и уметници во земјата и во странство.

Оваа соработката се состои особено во заедничко изведување на научно-истражувачки и уметнички проекти, во организирање на заеднички научни собири и уметнички приредби, во издавање на заеднички публикации, во размена на научни работници и уметници и размена на публикации и искуства во остварувањето на задачите во областа на науките и уметностите.

Член 28

За остварување на соработката од претходниот член Академијата може да склучи општ договор или договор за соработка во изведувањето на одделна дејност.

Општи договори за соработка Академијата склучува особено со други академии на науките и уметностите, со меѓународни асоцијации и организации од областа на науките и уметностите и со научни и уметнички установи во странство. Изведувањето на одделни дејности во рамките на општиот договор се утврдува со посебни протоколи со важност за една или повеќе години.

Член 29

За склучување на општи договори за соработка и протоколи за нивно спроведување, како и договори за заедничко изведување на одделни научни или уметнички дејности, решава Претседателството на Академијата врз основа на предлозите од соодветните одделенија.

Договорите за соработка од претходниот став на овој член во името на Академијата ги потпишува претседателот на Академијата или член на Академијата определен од Претседателството.

За остварувањето на општите договори за соработка и протоколите за нивно спроведување се грижи Претседателството на Академијата, а за нивното непосредно спроведување се грижат одделенијата определени од Претседателството.

Член 30

За остварување на научна или уметничка соработка договорена со друга академија на науките и уметностите, со меѓународна асоцијација или организација од областа на науките и уметностите и со високообразовна, научна и уметничка установа или организација можат да се формираат заеднички одбори или други заеднички тела.

Претставниците на Академијата во заедничките одбори или други тела ги определува Претседателството на Академијата на предлог од соодветните одделенија. За членови на заедничките одбори и други тела можат да бидат именувани и научни работници и уметници што не се членови на Академијата.

Член 31

Претседателството на Академијата, или Извршниот одбор на Претседателството во координација со Одборот за меѓународна соработка, решава за испраќањето на делегации и делегати на Академијата во посета на други академии на науките и уметностите или на одделни научни и уметнички установи или организации во странство и, на предлог од одделенијата, го определува делегатот или составот на делегацијата.

Претседателството на Академијата, или Извршниот одбор на Претседателството во координација со Одборот за меѓународна соработка, решава за

примањето во посета на делегации и делегати на други академии на науките и уметностите, на меѓународни асоцијации и организации од областа на науките и уметностите или на одделни научни и уметнички установи од странство.

Претседателството на Академијата или Извршниот одбор на Претседателството, на предлог од соодветно одделение, решава за поканувањето на членови на други академии на науките и уметностите и на истакнати научни работници или уметници од земјата и од странство заради одржување на предавања или за претставување на уметнички творби, како и заради размена на искуства по одделни прашања од областа на науките и уметностите.

Член 32

Во рамките на договорите со други академии на науките и уметностите и со научни и уметнички установи од странство, во Академијата можат да престојуваат членови и соработници на други академии, како и соработници на научни и уметнички установи заради вршење на научни или уметнички истражувања, за учество во изведување на заеднички научноистражувачки или уметнички проекти, за учество на научни собири, за претставување на уметнички творби и за одржување на предавања.

Програмата за престојот на членови на други академии на науките и уметностите и на научни работници и уметници од странство заради остварување на активностите од претходниот став на овој член, ја утврдува соодветното одделение на Академијата, а средства за остварување на програмата одобрува Претседателството на Академијата на предлог од соодветното одделение.

Член 33

Одделенијата на Академијата, во рамките на договорената соработка или по претходна согласност од Претседателството на Академијата, можат да остваруваат соработка со соодветни одделенија на други академии на науките и уметностите и со соодветни високообразовни, научни или уметнички установи или организации.

Во остварувањето на соработката од претходниот став, одделенијата можат да преземаат изведување на заеднички проекти, организирање на заеднички научни собири и уметнички приредби, издавање на заеднички публикации, како и други научни или уметнички активности и за нивното остварување да формираат заеднички одбори или други работни тела. За членови на овие одбори или други работни тела одделенијата можат да именуваат и научни работници и уметници што не се членови на Академијата.

Ако во остварувањето на активностите од претходниот став на овој член Академијата треба да учествува со определени финансиски средства, за нивното преземање е потребна претходна согласност од Претседателството на Академијата.

Член 34

Поблиски одредби за соработката на Академијата со други академии на науките и уметностите, со меѓународни научни и уметнички асоцијации и организации и со високообразовни, научни и уметнички установи и организации, за престојот во Академијата на членови и соработници на други академии на науките и уметностите, како и на соработници на научни и уметнички установи и организации, пропишува Претседателството на Академијата со посебен правилник.

*6. Програми за работа*

Член 35

Задачите што ги остварува Академијата во определен период се утврдуваат со програми за работа.

Програмите за работа се едногодишни и повеќегодишни.

Програмите за работа ги утврдува Собранието на предлог од Претседателството на Академијата.

Член 36

Со едногодишните програми се утврдуваат активностите што ќе бидат остварени во текот на соодветната календарска година, а особено: научноистражувачките и уметничките проекти што ќе бидат изведувани, научните и свечените собири и уметничките приредби што ќе бидат организирани, публикациите што ќе бидат издадени, како и другите активности што ќе бидат преземени во остварувањето на задачите на Академијата.

Со повеќегодишните програми се утврдуваат општи насоки за остварување на задачите на Академијата во периодот за кој се донесуваат.

Член 37

Нацртот на програма за работа на Академијата го утврдува Извршниот одбор на Претседателството на Академијата врз основа на предлозите од одделенијата.

Предлозите за изготвување нацрт на програма за работа на Академијата одделенијата ги утврдуваат врз основа на предлозите од нивните членови и од соодветните научни и уметнички организациони единици и работни тела на Академијата.

Нацртот на програмата за работа се разгледува во одделенијата, како и во научните и уметничките организациони единици, кои своите мислења и предлози ги доставуваат до соодветното одделение.

Претседателството на Академијата врз основа на мислењата и предлозите од одделенијата го утврдува предлогот на програмата за работа и му го поднесува на Собранието на Академијата за усвојување.

*7. Јавност во работата*

Член 38

За остварувањето на задачите, за работата на своите органи, одделенија, научни и уметнички организациони единици и работни тела, како и за донесените општи акти, Академијата ја запознава јавноста на седниците на Собранието, со издавање на Летопис, Билтен и Информативен билтен, со давање на информации и одржување на конференции со претставници на печатот и другите средства за јавно информирање, како и со информирање на друг погоден начин за прашања што се од интерес за јавноста.

Член 39

Академијата издава посебна публикација – Летопис, со која ја известува јавноста за целокупната работа на своите органи, на одделенијата, на научните, уметничките и стручните организациони единици, на работните тела и на Секретаријатот, како и за резултатите од научноистражувачките и уметничките

проекти и другите форми на научна или уметничка дејност остварени во текот на една календарска година.

Член 40

Академијата издава Билтен во кој се објавуваат општите акти донесени од органите на Академијата, програмите за работа на Академијата, финансискиот план и годишната сметка на Академијата.

Предлозите и другите материјали за избор на членови на Академијата се објавуваат во посебно издание на Билтенот.

Член 41

Академијата издава Информативен билтен во кој се објавуваат информации за работата на органите на Академијата и на нејзините одделенија, на научните, уметничките и стручните организациони единици, на работните тела, како и за одржаните научни и свечени собири, уметнички приредби и предавања, за учеството на членовите на Академијата на научни и свечени собири, уметнички приредби и предавања, за меѓународната и друга соработка, за приемите, посетите и други информации.

Со одлука на Претседателството на Академијата можат да се издаваат и други публикации наменети за јавноста.

Член 42

За издавањето на Летописот и на билтените се грижи посебен уредувачки одбор, составен од секретарот на Академијата, еден член на Академијата што го именува Претседателството и секретарот на Секретаријатот.

Претседател на уредувачкиот одбор и одговорен уредник на Летописот и на билтените е секретарот на Академијата.

Член 43

Податоци што претставуваат државна или службена тајна или чиешто соопштување е во спротивност со општите интереси утврдени со закон не можат да се даваат на јавноста.

Претседателството на Академијата определува кои податоци и материјали, подготвени заради разгледување на седниците на Собранието и на Претседателството на Академијата, како и на седниците на одделенијата и другите тела на Академијата, или изнесени на овие седници, се чуваат како тајна, односно кои податоци и материјали можат да се објавуваат или на друг начин да¸ се ставаат на јавноста на располагање дури по истекот на определено време.

Член 44

Соопштенијата за работата на Академијата во целина или за позначајни прашања од нејзината работа ги утврдува Претседателството на Академијата.

Податоци и известувања за одделни прашања од работата на Академијата, на печатот и на другите средства за јавно информирање може да им дава претседателот на Академијата, а по негово овластување и друг член на Претседателството на Академијата.

Секретарите на одделенијата ја информираат јавноста за работата на одделенијата, а раководителите на научните и уметничките организациони единици за работата на соодветните единици.

Раководителите на научноистражувачките и уметничките проекти, претседателите на организационите одбори на научни собири и уметнички приредби и претседателите на уредувачките одбори или уредниците на публикациите, можат на средствата за јавно информирање да им даваат информации за одделни прашања во врска со изведувањето на проектот, организирањето на научниот собир и уметничката приредба, односно издавањето на публикацијата.

## III. ЧЛЕНОВИ НА АКАДЕМИЈАТА

### *1. Избор на членови на Академијата*

Член 45

Избор на членови на Академијата се врши секоја трета година.

Изборот на членови на Академијата го врши Собранието на Академијата на посебна седница.

Собранието може, пред Претседателството да ја извести јавноста дека ќе се врши избор на членови на Академијата, да донесе одлука за категоријата на ченови што се избираат и за поблиските услови за нивниот избор.

#### а) *Избор на членови во работниот состав*

Член 46

За изборот на членови на Академијата во работниот состав Претседателството ја известува јавноста најмалку шест месеци пред денот кога ќе се врши изборот.

Во известувањето особено треба да бидат наведени законските услови за избор на членови во работниот состав, органите на установите што можат да поднесат предлог за избор, условите и постапката за поднесување на предлогот, рокот до кога предлогот може да биде поднесен и други информации од интерес за поднесување на предлогот.

Содржината на известувањето од претходниот став ја утврдува Претседателството на Академијата, кое го определува и начинот на неговото објавување.

Член 47

Сенатите на универзитетите, наставно-научните совети на факултетите, наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и советите на научните установи поднесуваат предлози за избор на членови на Академијата во работниот состав за кандидати што кај нив (во нивната установа) ја остваруваат или ја остварувале својата дејност.

Предлозите од став 1 на овој член се поднесуваат во рок од два месеца од денот на објавувањето на известувањето за избор.

Член 48

Предлогот за избор на член на Академијата во работниот состав треба да содржи образложена оценка на научните трудови или уметничките творби на кандидатот.

Кон предлогот треба да бидат приложени: биографија на кандидатот, список на неговите научни трудови или уметнички творби, по еден примерок од неговите научни трудови, литературни или музички творби, односно албуми,

каталози и снимки од музичките, сликарските и скулпторските творби, писмен реферат со оценка и мислење на двајца референти за научната и уметничката вредност на трудовите, односно творбите на кандидатот, примерок на записникот од седницата на органот што го утврдил предлогот, писмена изјава од кандидатот за неговата согласност со кандидатурата за избор, како и други документи предвидени во известувањето за избор.

Записникот треба да содржи податоци за: вкупниот број членови на сенатот на универзитетот, наставно-научниот совет на факултетот, наставно-научниот уметнички совет на уметничката академија и советот на научната установа; бројот на членови со научни и со наставно-научни звања; бројот на членови со научни и со наставно-научни звања што присуствувале на седницата; бројот на членови со научни и со наставно-научни звања што гласале за усвојување на предлогот за избор.

Член 49

За полноважен ќе се смета предлогот за избор на член во работниот состав кој, врз основа на одделни писмени реферати од двајца редовни професори или двајца научни работници со звање научен советник, е утврден со тајно гласање на седница на: сенат на универзитет, наставно-научен совет на факултет, наставно-научен уметнички совет на уметничката академија и совет на научната установа, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на сенатот, односно советот со наставно-научни звања (редовни професори, вонредни професори и доценти) и со научни звања (научни советници, виши научни соработници и научни соработници).

Член 50

Предлозите што не се поднесени од органите определени во Законот за Македонската академија на науките и уметностите, како и предлозите што се поднесени по истекот на определениот рок, или што не се утврдени во постапка и според условите определени во членовите 47 до 49 од овој статут, нема да бидат земени во постапка, за што Претседателството на Академијата писмено ги известува подносителите.

Член 51

Предлозите за избор што се поднесени во согласност со Законот за Македонската академија на науките и уметностите и членовите 47 до 49 од овој статут, Претседателството на Академијата, најдоцна во рок од десет дена по истекот на времето за поднесување на предлози, ги доставува до одделението во чиј делокруг спаѓаат науките, односно уметностите од чија област се научните трудови или уметничките творби на предложениот кандидат.

На седница, која се одржува најдоцна 10 дена од денот кога поднесените предлози му се доставени, одделението се запознава со предлозите за кандидати поднесени од сенатите на универзитетите, од наставно-научните совети на факултетите, од наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и од советите на научните установи.

На седница која се одржува најдоцна по 15 дена од запознавањето со предлозите, одделението именува по два члена за секој предлог кои на одделението му реферираат за кандидатот и за неговите научни трудови или уметнички творби.

На седница која се одржува најдоцна по еден месец од именувањето на референтите, одделенијата расправаат по поднесените предлози и со тајно гласање се изјаснуваат по предлозите.

Во гласањето по предлозите за избор на дописни членови учествуваат редовните и дописните членови, а во гласањето по предлозите за избор на редовни членови учествуваат само редовните членови.

Одделението може да реши во бројот на членови што е неопходен за гласање да не се вбројуваат оние членови кои поради сериозни здравствени причини подолго време не учествуваат во работата на одделението.

Член 52

Предлозите со резултатите од гласањето одделението ги доставува на Претседателството на Академијата за натамошна постапка, најдоцна во рок од два месеца откако ги добило предлозите.

Член 53

Одделенијата на Академијата можат да поднесуваат предлози за избор на членови во работниот состав само за научници или уметници чиишто научни трудови и уметнички творби се од областите на науките, односно уметностите што спаѓаат во нивниот делокруг.

Образложено мислење за избор на определен научник и уметник за член во работниот состав може да изнесе секој член на одделението на седницата која се одржува најдоцна во рок од десет дена откако одделението ќе ги добие предлозите поднесени од сенатите на универзитетите, од наставно-научните совети на факултетите, од наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и од советите на научните установи.

На оваа седница член на одделението може да поднесе иницијатива за избор на дописен во редовен член на Академијата, ако поминале најмалку 5 години од неговиот избор за дописен член, а врз основа на достигањата на кандидатот по неговиот избор за дописен член.

За изнесените мислења и иницијативи се води расправа на следната седница на одделението, која се одржува најдоцна по 15 дена. По расправата за секој кандидат одделението утврдува, со тајно гласање и со мнозинство гласови од присутните членови, дали постојат основи за истакнување на кандидатурата.

Ако одделението ја утврди основаноста на кандидатурата, тоа именува два члена кои, во рок од еден месец од денот на нивното именување, на одделението ќе му поднесат писмен и образложен реферат со предлог за истакнување на кандидатурата. За референти за избор на дописни членови можат да бидат именувани редовни и дописни членови на Академијата, како и членови на Академијата надвор од работниот состав, а за референти за избор на редовни членови можат да бидат именувани само редовни членови на Академијата.

Во утврдувањето на основаноста на кандидатурата за избор на дописен член учествуваат дописните и редовните членови, а во утврдувањето на основаноста на кандидатурата за избор на редовен член учествуваат само редовните членови.

Кон рефератот треба да бидат приложени: биографијата на кандидатот, списокот на неговите научни трудови или уметнички творби, како и по еден при-

мерок од неговите научни трудови, литературни или музички творби, односно албуми, каталози и други снимки од музичките, сликарските или скулпторските творби.

Предлозите за избор на дописни членови одделенијата ги утврдуваат со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделението, а предлозите за избор на редовни членови одделенијата ги утврдуваат со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број на редовни членови на одделението.

Одделението може да реши во бројот на членови што е неопходен за гласање да не се вбројуваат оние членови кои поради сериозни здравствени причини подолго време не учествуваат во работата на одделението.

Своите предлози за избор на членови одделенијата ги доставуваат до Претседателството на Академијата во рокот определен во член 52 од овој статут. Кон предлогот, освен рефератот со прилозите определени во ставот 7 на овој член, треба да биде приложен и примерок на записникот од седницата на одделението на која е прифатен предлогот, писмена изјава од кандидатот за неговата согласност со кандидатурата за избор и други документи предвидени во известувањето за избор.

Предлозите на одделенијата што се доставени до Претседателството на Академијата по истекот на определениот рок или не се утврдени во постапка и според условите определени во овој член од Статутот, нема да бидат земени во натамошна постапка, за што Претседателството писмено го известува соодветното одделение.

Член 54

Предлозите од одделенијата за избор на членови во работниот состав, предлозите за избор поднесени од сенатите на универзитетите, од наставно-научните совети на факултетите, од наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и од советите на научните установи, за кои на тајното гласање позитивно се изјасниле мнозинството од вкупниот број членови на одделението, заедно со резултатите од гласањето во одделенијата, биографијата на кандидатот и списокот на неговите научни трудови и уметнички творби, рефератите приложени кон предлозите за избор, се објавуваат во посебно издание на Билтенот на Академијата, во рок од 20 дена по истекот на рокот утврден во член 52 од овој статут. Билтенот се става на јавен увид, за што јавноста посебно се известува.

На начин определен од Претседателството на Академијата се ставаат на јавен увид и научните трудови, литературните и музичките творби, примероци од сликарските и скулпторските творби на кандидатите, како и албумите, каталозите и други снимки од нивните музички, сликарски или скулпторски творби.

Член 55

На предлозите за избор на членови во работниот состав може да се стави образложен приговор во рок од еден месец од денот кога тие се ставени на јавен увид.

Приговор на предлогот за избор на членови во работниот состав може да стави: секој член на Академијата, сенат на универзитет, наставно-научен совет на факултет, наставно-научен уметнички совет на уметничка академија и совет на научна установа.

Благовремено поднесените приговори се доставуваат до соодветните одделенија на Академијата, како и до подносителот на предлогот за избор кои, во

рок од 15 дена од денот кога приговорот им бил доставен, за својот став по приговорот треба да го известат Претседателството на Академијата.

Приговорите на предлозите за избор и ставовите на соодветните одделенија и на подносителите на предлозите по приговорите се доставуваат до членовите на Академијата заедно со Билтенот на Академијата во кој се објавени предлозите за избор, најдоцна 15 дена пред седницата на Собранието на Академијата на која ќе се врши изборот.

*б) Избор на членови надвор од работниот состав*
*и почесни членови*

Член 56

За поднесување на предлог за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член на Академијата решаваат одделенијата со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број на нивните членови.

Иницијатива за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член можат да дадат најмалку два члена на одделението на седница на одделението која се одржува најдоцна во рок од 10 дена откако одделението ќе ги добие предлозите поднесени од сенатите на универзитетите, од наставно-научните совети на факултетите, од наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и од советите на научните установи. За основаноста на иницијативата решава одделението со тајно гласање и со мнозинство гласови од присутните членови на седница која се одржува најдоцна во рок од 15 дена од нејзиното поднесување.

По прифаќањето на иницијативата нејзините подносители се должни во рок од еден месец до одделението да достават образложен писмен предлог, за кој одделението решава.

Предлогот за избор на член надвор од работниот состав треба да содржи образложена оценка на научните трудови или уметничките творби на кандидатот и кон него треба да бидат приложени: биографија на кандидатот, список на неговите научни трудови или уметнички творби, по еден примерок од неговите научни трудови, литературни или музички творби, односно албуми, каталози и други снимки од музичките, сликарските или скулпторските творби, примерок на записникот од седницата на одделението на која е прифатен предлогот и писмена изјава од кандидатот за неговата согласност со кандидатурата за избор.

Предлогот за избор на почесен член треба да содржи биографија на кандидатот и оценка на придонесот на кандидатот за развојот на науката и уметноста во Република Македонија.

Член 57

Предлогот за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член одделението го доставува до Претседателството на Академијата во рокот определен во член 52 од овој статут.

Предлозите за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член кои му се доставени на Претседателството на Академијата по истекот на определениот рок или не се утврдени во постапка и според условите определени во член 56 од овој статут, нема да бидат земени во натамошна постапка, за што Претседателството на Академијата го известува одделението што го поднесло предлогот.

Член 58

Претседателството на Академијата ги разгледува предлозите за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член и утврдува мислење за секој предлог.

Член 59

За објавувањето на предлозите за избор на членови надвор од работниот состав и почесни членови во Билтенот на Академијата, како и за приговорите по овие предлози се применуваат соодветно одредбите на член 54 и 55 од овој статут.

*в) Заеднички одредби за избор на членови во работниот состав, членови надвор од работниот состав и почесни членови на Академијата*

Член 60

На седницата на Собранието на Академијата се отвора расправа за секој предлог за избор на член во работниот состав, член надвор од работниот состав и почесен член.

Во почетокот на расправата известителот на одделението на Собранието му поднесува извештај за предложениот кандидат и за неговите научни трудови или уметнички творби, за евентуалните приговори на предлогот и за ставот на одделението и на подносителот на предлогот по поднесените приговори.

Собранието може, на предлог од Претседателството на Академијата, да реши во бројот на членови на Академијата што е неопходен за избор да не се вбројуваат оние членови кои поради сериозни здравствени причини подолго време не учествуваат во работата на Академијата.

Член 61

По завршувањето на расправата за сите предлози за избор на редовни членови се пристапува кон гласање. По завршувањето на гласањето за редовни членови, се пристапува кон расправа и гласање за предлозите за избор на дописни членови, потоа на членови надвор од работниот состав и на крај се пристапува кон расправа и гласање за предлозите за избор на почесни членови.

Член 62

Изборот на членови на Академијата се врши со тајно гласање, со гласачки ливчиња. На гласачкото ливче кандидатите за избор се запишани по одделенија и по азбучен ред на нивните презимиња.

Гласањето се врши со заокружување на редниот број пред името на кандидатот.

Ако со сигурност не може да се утврди дали е заокружен редниот број пред името на кандидатот, ќе се смета дека гласањето за тој кандидат е неважечко, за што Комисијата за спроведување на изборот го известува Собранието на Академијата.

Член 63

Изборот на членови на Академијата го спроведува комисија составена од три члена на Академијата од работниот состав, избрани од Собранието.

Комисијата обезбедува гласачки материјал, го утврдува: вкупниот број на членови на Академијата и бројот на присутните членови, бројот на членовите на Академијата кои, според ставовите 3 и 5 на член 15 од Законот за Македонската академија на науките, учествуваат во гласањето, бројот на членовите кои, според ставот 3 на член 60 од овој Статут, не се вбројуваат во бројот што е неопходен за избор, бро-

јот на членовите што гласале, бројот на членовите што гласале со заокружување на редниот број на кандидатите, т.е. за нивен избор, бројот на неважечките гласања и за утврдените резултати на Собранието му поднесува писмен извештај.

Член 64

Врз основа на резултатите од гласањето претседателот на Академијата на седницата на Собранието го прогласува изборот на членовите на Академијата.

Член 65

Новоизбраните членови во работниот состав на Академијата во рок од една година по нивниот избор одржуваат пристапно предавање пред членовите на Академијата на кое се поканувaат и други научни, културни и јавни работници од соодветната област. Новоизбраните членови на Академијата од редот на уметниците во овој рок приредуваат изложба, концерт или читање на свои литературни творби.

Пристапно предавање, односно изложба, концерт или читање на свои литературни творби можат да одржат и членовите надвор од работниот состав на Академијата.

На избраните членови на Академијата им се врачува диплома за членство во Академијата.

Член 66

Претседателството на Академијата може, во текот на постапката за избор на членови на Академијата, да свикува посебни состаноци на редовните членови на Академијата, на кои се расправаат општи прашања во врска со изборот.

*2. Постапка за промена на статусот член во работниот состав во статус на член надвор од работниот состав и за промена на статусот член надвор од работниот состав во статус на редовен или на дописен член*

Член 67

Ако член на Академијата во работниот состав повеќе од една година не живее во Република Македонија и не учествува во работата на одделението и органите на Академијата, го известува соодветното одделение за датумот од кога не живее во Република Македонија, а тоа може да покрене постапка за промена на неговиот статус во статус на член надвор од работниот состав.

Ако членот на Академијата во работниот состав не го извести соодветното одделение за датумот од кога не живее во Република Македонија, одделението може да покрене постапка за промена на неговиот статус во статус на член надвор од работниот состав по претходни консултации со членот на Академијата.

Одлука за промена на статусот од став 1 на овој член донесува Собранието на Академијата со тајно гласање и со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Академијата во работниот состав.

Член 68

Ако член на Академијата надвор од работниот состав, кој е државјанин на Република Македонија, се настани со постојано живеалиште во Републиката го известува соодветното одделение за денот на настанувањето.

По истекот на повеќе од една година од настанувањето, членот на Академијата надвор од работниот состав може да поднесе барање до соодветното одделение за промена на неговиот статус од член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен или на редовен член.

Член 69

Ако член надвор од работниот состав, кој е странски државјанин, прими државјанство на Република Македонија и се настане со постојано живеалиште во Републиката, го известува соодветното одделение.

По истекот на повеќе од една година од настанувањето и приемот на државјанство на Република Македонија, членот на Академијата надвор од работниот состав може да поднесе барање до соодветното одделение за промена на неговиот статус од член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен или на редовен член.

Член 70

На седница на Одделението се разгледува барањето на членот на Академијата надвор од работниот состав за промена на неговиот статус во статус на дописен или на редовен член, се расправа за исполнувањето на условот предвиден во член 68 и член 69 од овој статут и со тајно гласање и со мнозинство на гласови одделението одлучува дали да покрене постапка за прифаќање на барањето.

По прифаќањето на барањето, одделението до Претседателството на Академијата поднесува предлог за промена на статусот член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен или на редовен член.

Член 71

Предлозите од одделенијата поднесени во согласност со член 70 од овој статут, Претседателството ги доставува до Собранието на Академијата.

Одлука за промена на статусот член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен член донесува Собранието на Академијата со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Академијата во работниот состав.

Одлука за промена на статусот член на Академијата надвор од работниот состав во статус на редовен член донесува Собранието на Академијата со тајно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број на редовни членови.

Одлуките од став 2 и 3 на овој член Собранието на Академијата ги донесува на првата седница на собранието на која се врши избор на членови на Академијата, по исполнување на условите и покренување постапка.

*3. Права и должности на членовите на Академијата*

Член 72

Членовите на Академијата во работниот состав на Академијата имаат право и должност:

– да учествуваат во разгледувањето на задачите на Академијата и на начин определен со Законот за Македонската академија на науките и уметностите и со овој статут да учествуваат во нивното решавање;

– да даваат предлози и иницијативи за остварување на задачите на Академијата, на одделенијата и на работните тела чиишто членови се;

– да учествуваат во научната, односно уметничката дејност на Академијата;

– да учествуваат во работата на одделението чиишто се членови, како и во работни тела во кои се избрани;

– да избираат членови на Академијата;

– да избираат и да бидат избирани во органите и во други тела на Академијата;

– да ја претставуваат Академијата кога тоа соодветните органи на Академијата ќе им го доверат;

– други права и должности утврдени со Законот за Македонската академија на науките и уметностите и со овој статут.

Член 73

Член на Академијата има право на обезбедување финансиски средства за престој во земјата или во странство заради вршење на истражувања во областа на науките и уметностите, за учество на научни собири и уметнички приредби, како и за одржување на предавања или за претставување на уметнички творби.

Барањето за обезбедување финансиски средства членот на Академијата го поднесува до соодветното одделение, кое со свое мислење го доставува до Претседателството на Академијата. Мислење за оправданоста на барањето за обезбедување финансиски средства за престојот во странство на Претседателството му доставува и Одборот за меѓународна соработка.

Членот на Академијата, чијшто престој во земјата или во странство е финансиран (целосно или делумно) со средства на Академијата, по завршувањето на престојот, поднесува извештај за текот на престојот, за остварените активности и за резултатите од тие активности. Извештајот за престојот во странство го разгледува соодветното одделение и со свое мислење го доставува до Претседателството на Академијата. За прифаќањето на извештајот за престој во земјата решава соодветното одделение.

Поблиски одредби за обезбедување финансиски средства на членовите на Академијата заради вршење на истражувања во областа на науките и уметностите, за учество на научни собири и уметнички приредби, како и за одржување на предавање или за претставување на уметнички творби во земјата или во странство, пропишува Претседателството на Академијата со посебен правилник.

Член 74

Член на Академијата во работниот состав може да поднесе оставка на функцијата на која е избран.

За оставката не се води расправа.

Член 75

Членовите надвор од работниот состав и почесните членови имаат исти права како и членовите во работниот состав, освен правото да избираат членови на Академијата, да избираат и да бидат избирани во органите на Академијата и да учествуваат во одлучувањето на органите и одделенијата на Академијата.

## IV. ОРГАНИ И РАБОТНИ ТЕЛА НА АКАДЕМИЈАТА

### *1. Собрание на Академијата*

Член 76

Освен работите што се ставени во негов делокруг со Законот за Македонската академија на науките и уметностите, Собранието на Академијата:

1. Донесува одлуки и други општи акти, кога е тоа определено со Законот за Македонската академија на науките и уметностите и со овој статут;

2. Решава за соединување или укинување на постојните одделенија на Академијата;

3. Решава за соединување или укинување на постојните научни и уметнички организациони единици и стручни единици на Академијата;

4. Решава за други прашања утврдени со овој статут.

Член 77

Собранието на Академијата работи на седници.

Седниците на Собранието ги свикува Претседателството на Академијата по сопствена иницијатива, на предлог од одделение или од најмалку десет членови на Академијата во работниот состав.

Решение за свикување седница на Собранието се донесува најмалку 15 дена пред денот на одржувањето на седницата, а само во итни и оправдани случаи решение за свикување на седница може да се донесе и во покус рок, но не покус од 7 дена пред денот на нејзиното одржување.

Член 78

Работата на седниците на Собранието е јавна.

На седниците на Собранието се поканувaат претставници на универзитетите и факултетите, на научни и уметнички установи и организации и на државни органи, како и одделни научни работници и уметници. Тие можат на седницата да ги изнесуваат ставовите, мислењата и предлозите на установите, организациите и органите што ги претставуваат, како и свои лични мислења и предлози по прашањата што се на дневен ред на седницата.

На седниците на Собранието можат да присуствуваат претставници на печатот и на другите средства за јавно информирање.

Член 79

На седницата на Собранието се решава со гласање.

Гласањето е јавно, освен за избор на членови на Академијата и избор на претседател, потпретседател, односно потпретседатели, секретар и избран член на Претседателството, кога гласањето е тајно. На седницата може да се решава со тајно гласање и за други прашања ако така реши мнозинството од присутните членови.

Тајното гласање се врши со ливчиња заверени со печатот на Акаде-мијата.

Член 80

Работата на седницата на Собранието поблиску се уредува со деловник, што го донесува самото Собрание.

*2. Претседателство на Академијата*

Член 81

Освен работите што се ставени во негов делокруг со Законот за Македонската академија на науките и уметностите, Претседателството на Академијата:

1. Се грижи за примената на овој статут, за извршување на актите што ги донесува Собранието и за остварување на програмите за работа и финансискиот план на Академијата;

2. Донесува правилници, одлуки, упатства и решенија кога е тоа предвидено со овој статут или со општ акт на Собранието;

3. Решава за свикување седници на Собранието и го утврдува предлогот на дневниот ред;

4. Ги утврдува предлозите за основање, соединување или укинување на одделенија, научни и уметнички организациони единици и стручни единици;

5. Се грижи за соработката на Академијата во утврдувањето на политиката на Републиката во областа на науките и уметностите;

6. Се грижи за соработката на Академијата со други академии на науките и уметностите и со соодветни меѓународни асоцијации и организации, како и со високообразовни, научни и уметнички установи или организации;

7. Решава за поканување членови на други академии на науките и уметностите и на истакнати научни работници и уметници од земјата и од странство да ја посетат Академијата, да учествуваат на научни собири или уметнички приредби, да одржат предавања, како и да присуствуваат на седници на Собранието на Академијата.

8. Утврдува мислење по предлозите за избор на членови на Академијата надвор од работниот состав и почесни членови;

9. Презема мерки за обезбедување на услови за научна работа и уметничко творештво на членовите на Академијата;

10. Од средствата на Академијата обезбедени со буџетот на Република Македонија, од фондовите за научноистражувачка или уметничка дејност на Републиката и од посебните фондови на Академијата, одобрува финансиски средства на членовите на Академијата за престој во земјата или во странство заради вршење на истражувања во областа на науките и уметностите, за учество на научни собири или уметнички приредби, како и за одржување на предавања или за претставување на уметнички творби;

11. Ја определува висината на месечната награда на редовните и на дописните членови на Академијата, на претседателот, потпретседателот и секретарот на Академијата, на избраните членови на Претседателството, на секретарите на одделенијата, на раководителите на определени научни и уметнички организациони единици, како на раководителите на сектори и на отсеци во научните единици од редот на академиците;

12. Склучува колективен договор со синдикатот на работниците во Академијата за правата, обврските и одговорностите од работен однос;

13. Го именува секретарот на Секретаријатот на Академијата и ја определува висината на неговата плата;

14. Ги утврдува обликот и содржината на дипломата што им се врачува на избраните членови на Академијата;

15. Врши и други работи определни со овој статут или со друг општ акт на Собранието на Академијата.

Член 82

Претседателството на Академијата работи на седници.

Седниците на Претседателството ги свикува претседателот на Академијата, по сопствена иницијатива или врз основа на решение на Извршниот одбор на Претседателството, како и по барање од најмалку три члена на

Претседателството, на едно одделение на Академијата или од најмалку пет членови на Академијата во работниот состав.

Претседателството на Академијата може полноважно да решава ако на седницата присуствуваат повеќе од половината негови членови.

Претседателството решава со мнозинство гласови од присутните членови, доколку со овој статут не е поинаку определено.

За утврдувањето на предлози за основање, соединување или укинување на одделенија, научни и уметнички организациони единици и стручни единици на Академијата, за утврдување на мислења по предлозите за избор на членови надвор од работниот состав и почесни членови, за именување на секретар на Секретаријатот и определување на неговата плата, како и за донесување на правилници и склучување на колективни договори, Претседателството решава со мнозинство гласови од вкупниот број негови членови.

На седниците на Претседателството можат да бидат повикувани и други членови на Академијата. Повиканите членови на Академијата можат на седницата да учествуваат во разгледувањето на одделни прашања од дневниот ред, но при решавањето за нив не можат да гласаат.

Член 83

Член на Академијата може да биде на функција во Претседателството најмногу во два мандатни периоди едноподруго.

Претседателот, потпретседателот, секретарот и избраниот член на Претседателството во вториот мандатен период не можат да бидат избрани на иста функција во Претседателството.

Ограничувањето од претходните ставови на овој член не се однесува на член на Академијата, кој бил на функција во Претседателството помалку од две години.

Член 84

Членовите на Претседателството се избираат најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на постојните членови. Тие ги преземаат функциите на кои се избрани на денот кога на постојните членови им истекува мандатот.

Ако до истекот на мандатот не се изврши нов избор, постојните членови на Претседателството продолжуваат да ги вршат своите функции до новиот избор.

Член 85

Предлог за избор на претседател, потпретседател, односно потпретседатели и секретар на Академијата, како и на избран член на Претседателството можат да поднесат најмалку три члена на Академијата.

За претседател, потпретседател, односно потпретседатели и секретар на Академијата и за избран член на Претседателството на Академијата се избрани кандидатите што добиле мнозинство гласови од вкупниот број членови на Академијата во работниот состав.

Ако предложените кандидати при првото гласање не го добијат потребното мнозинство, се врши повторно гласање.

Ако за одделна функција имало повеќе од два кандидати и ниту еден од нив не добил мнозинство гласови потребни за избор, во повторното гласање учествуваат само двата кандидати кои добиле најголем број гласови.

Кандидат кој на две гласања не го добие потребното мнозинство гласови, не може повеќе да биде кандидат за истата функција.

Член 86

Претседателот, потпретседателот и секретарот на Академијата, како и избраниот член на Претседателството можат да бидат разрешени и пред времето за кое се избрани.

На секретарот на одделението му престанува членството во Претседателството на Академијата со престанокот на функцијата секретар.

Член 87

Предлог за разрешување на претседателот, потпретседателот и секретарот на Академијата, како и на избраниот член на Претседателството можат да поднесат најмалку 10 членови на Академијата. Претседателството на Академијата е должно најдоцна во рок од 30 дена од добивањето на предлогот за разрешување да свика седница на Собранието за изјаснување по предлогот.

При разрешувањето на овие членови на Претседателството сходно се применуваат одредбите на овој статут што се однесуваат на нивниот избор.

Член 88

Ако поради разрешување, оставка или други причини функцијата претседател, потпретседател и секретар на Академијата, како и на избран член на Претседателството остане слободна пред времето за кое членот на Академијата е избран, а до истекот на мандатот има повеќе од шест месеци, ќе се изврши нов избор, најдоцна во рок од еден месец од денот кога соодветната функција останала слободна. Во ваков случај, мандатот на новоизбраниот член трае до истекот на времето за кое бил избран членот на чие место е избран.

*3. Извршен одбор на Претседателството на Академијата*

Член 89

Во составот на Претседателството на Академијата се формира Извршен одбор, кој го сочинуваат претседателот, потпретседателот, односно потпретседателите и секретарот на Академијата.

Член 90

Извршниот одбор на Претседателството на Академијата:

1. Се грижи за извршување на општите акти и заклучоците на Претседателството на Академијата, како и на оние општи акти на Собранието, чиешто извршување ќе му ги довери Претседателството;

2. Решава за свикување седници на Претседателството и го утврдува предлогот на дневниот ред за неговите седници;

3. Во рамките на финансиските средства обезбедени за соодветни намени со финансискиот план на Академијата или со одлука на Претседателството одобрува:

а) средства за остварување на одделни задачи на Академијата до износ утврден од Претседателството;

б) средства за учество на членовите на Академијата и нејзините соработници на научни собири и уметнички приредби во земјата, во траење до седум дена;

4. Во согласност со Планот за јавни набавки донесен од Претседателството на Академијата и средствата обезбедени за соодветни намени, донесува одлуки за разни видови на јавни набавки и именува комисија за јавна набавка.

5. Во итни случаи донесува решенија за работи од делокругот на Претседателството со обврска овие решенија да му ги поднесе за потврдување на Претседателството на првата седница што ќе се одржи по нивното донесување.

Член 91

Седниците на Извршниот одбор ги свикува претседателот по сопствена иницијатива или по иницијатива од член на Извршниот одбор.

На седниците на Извршниот одбор можат да бидат повикувани секретарите на одделенијата, раководителите на научните и уметничките организациони единици и други членови на Академијата.

### *4. Претседател, потпретседател и секретар на Академијата*

Член 92

Претседателот на Академијата ја претставува и застапува Академијата, ги свикува седниците на Собранието и на Претседателството и претседава на нив; ги потпишува актите донесени од Собранието и од Претседателството и го следи нивното извршување; покренува иницијатива за работа на мултидисциплинарни проекти; врши други работи утврдени со овој статут и со друг акт на Собранието или на Претседателството на Академијата.

Претседателот е одговорен за законитоста во работата на Академијата.

За проучување на одделни прашања, претседателот на Академијата може да формира работни групи.

Член 93

Во случај на отсутност или спреченост, претседателот на Академијата во сите негови права и должности, го заменува потпретседателот, односно еден од потпретседателите определен од Претседателството.

Претседателот на Академијата може, со согласност на Претседателството, да му довери на потпретседателот, односно на еден од потпретседателите, вршење на определени работи од својот делокруг.

Претседателството на Академијата може да го овласти потпретседателот, односно потпретседателите да се грижат за остварувањето на одделни задачи на Академијата.

Член 94

Секретарот на Академијата му помага на претседателот во подготвувањето на седниците на Собранието и на Претседателството, се грижи за подготвување на материјалите што ќе бидат разгледувани на овие седници и за нивното навремено доставување на членовите на Академијата; соработува со секретарите на одделенијата и се грижи за усогласување на работата на одделенијата и на другите тела на Академијата; се грижи за изданијата на Академијата и е одговорен уредник на Летописот, Билтенот и Информативниот билтен на Академијата; врши надзор над работата на секретарот на Секретаријатот на Академијата и општ

надзор над извршувањето на задачите на Секретаријатот, врши други работи утврдени со овој статут и со друг акт на Собранието или на Претседателството на Академијата.

Во случај на отсутност или спреченост, секретарот на Академијата го заменува еден од секретарите на одделенијата, определен од Претседателството на Академијата.

### *5. Работни тела на Академијата*

Член 95

За следење и проучување на прашања од значење за остварување на задачите на Академијата, за поднесување на предлози и мислења за овие прашања, за подготвување на нацрти на општи акти што ги донесуваат органите на Академијата, за следење на извршувањето на општите акти, како и за други прашања од работата на Академијата се формираат постојани и повремени одбори, комисии, совети и други работни тела (во натамошниот текст: работни тела) на Академијата.

Постојаните работни тела се формираат со Статутот на Академијата, а можат да се формираат и со одлука на Претседателството на Академијата. Повремените работни тела се формираат со одлука на Претседателството.

Во повремените работни тела не се именуваат членови на Претседателството.

За прашањата од општ интерес за Академијата, за кои се заинтересирани сите одделенија, работните тела ги формира Претседателството на предлог на одделенијата.

Член 96

Постојани работни тела на Академијата се: Одборот за научни и уметнички дејности, Издавачкиот совет и Одборот за меѓународна соработка.

Член 97

Одборот за научни и уметнички дејности разгледува прашања во врска со општата состојба во областа на науките и уметностите во Републиката и состојбата на научноистражувачката и уметничката дејност во Академијата; го разгледува делот од програмите за работа и делот од годишните извештаи за работа на Академијата што се однесуваат на научноистражувачката и уметничката дејност и на научните собири и уметничките приредби; ги разгледува: предлозите за истражувања во областа на науките и уметностите и завршните извештаи за изведувањето на научноистражувачките и уметничките проекти; предлозите за организирање на научни и свечени собири и уметнички приредби; барањата за обезбедување финансиски средства за вршење на истражувања во областа на науките и уметностите, за учество на научни собири и уметнички приредби, како и за одржување на предавања или за претставување на уметнички творби во земјата; соработката на Академијата со високообразовни, научни и уметнички установи и научни или уметнички организации во земјата; нацртите на правилници за научноистражувачката и уметничката дејност и за организирање и одржување на научни собири и уметнички приредби, како и други прашања во врска со научната и уметничката дејност на Академијата.

Член 98

Издавачкиот совет ја разгледува општата состојба на научната и уметничката издавачка дејност во Републиката и состојбата на издавачката дејност на Академијата; го разгледува делот од програмите за работа и делот од годишните извештаи за работата на Академијата што се однесуваат на издавачката дејност; ги разгледува предлозите за издавање на научни трудови и уметнички творби; нацртот на правилникот за издавачката дејност, нацртите на актите со кои се определува висината на авторските надоместоци и се утврдуваат критериуми за пресметување на цената на изданијата; ја утврдува цената на изданијата на Академијата и се грижи за нивната размена и продажба; разгледува и други прашања во врска со издавачката дејност на Академијата.

Член 99

Одборот за меѓународна соработка разгледува општи прашања од интерес за соработката на Академијата со други академии на науките и уметностите, со меѓународни научни и уметнички организации и асоцијации и со странски научни и уметнички установи и организации; го разгледува делот од програмите за работа и делот од годишниот извештај за работата на Академијата што се однесуваат на меѓународната соработка, ги разгледува нацртите на договорите и протоколите за соработка со други академии на науките и уметностите, со меѓународни научни и уметнички асоцијации и организации и со странски научни и уметнички установи и организации и го следи нивното остварување; го разгледува нацртот на правилникот за меѓународна соработка на Академијата; ги разгледува барањата за обезбедување финансиски средства за престојот на членовите на Академијата во странство заради вршење на истражувања во областа на науките и уметностите, за учество на научни собири и уметнички приредби како и за одржување на предавања или за претставување на уметнички творби; разгледува други прашања од областа на меѓународната научна и уметничка соработка на Академијата.

Член 100

Одборот за научни и уметнички дејности, Издавачкиот совет и Одборот за меѓународна соработка се составени од претседател и од по еден член од секое одделение, именувани од Претседателството на Академијата на предлог од одделенијата, за време од четири години.

Претседател на Одборот за научни и уметнички дејности е потпретседателот, а на Издавачкиот совет – секретарот на Академијата.

Претседателот на Одборот за меѓународна соработка го именува Претседателството од редот на неговите членови.

Член 101

Работните тела им поднесуваат на надлежните органи на Академијата предлози и мислења за работите од својот делокруг, како и за нацртите на одлуки, препораки и заклучоци што тие ги донесуваат.

Работните тела му поднесуваат на Претседателството на Академијата годишни извештаи за својата работа, а на барање од Претседателството поднесуваат и посебни извештаи за одделни прашања што се во нивен делокруг.

## V. ОРГАНИЗАЦИЈА НА АКАДЕМИЈАТА

### *1. Одделенија на Академијата*

Член 102

Одделенијата се основни единици во кои членовите на Академијата ги остваруваат своите права и должности.

Член 103

Академијата ги има следните одделенија:

1. Одделение за лингвистика и литературна наука,
2. Одделение за општествени науки,
3. Одделение за медицински науки,
4. Одделение за технички науки,
5. Одделение за природно-математички и биотехнички науки и
6. Одделение за уметност.

Член 104

Одделението за лингвистика и литературна наука го сочинуваат членовите на Академијата чиишто научни трудови се претежно од областа на лингвистиката, филологијата, литературната наука, фолклорот и други сродни науки.

Одделението за општествени науки го сочинуваат членовите на Академијата чиишто научни трудови се претежно од областа на историските, социолошките, економските, правните, политичките, филозофските и други сродни науки.

Одделението за медицински науки го сочинуваат членовите на Академијата, чиишто научни трудови се претежно од областа на медицинските, ветеринарните, стоматолошките, фармацевтските и други сродни науки.

Одделението за технички науки го сочинуваат членовите на Академијата чиишто научни трудови се претежно од областа на електротехничките, градежните, сеизмолошките, машинските, технолошко-металуршките, рударските, архитектурата и други сродни науки.

Одделението за природно-математички и биотехнички науки го сочинуваат членовите на Академијата чиишто научни трудови се претежно од областа на математичките, физичките, хемиските, биолошките, земјоделските, шумарските и други сродни науки.

Одделението за уметност го сочинуваат членовите на Академијата чиишто научни трудови или уметнички творби се претежно од областа на литературата, музичката и ликовната уметност и други гранки на уметноста.

Во случај на спор помеѓу две одделенија по прашањето во кое одделение новоизбраниот член на Академијата ќе ја остварува својата научна или уметничка дејност решава Претседателството на Академијата врз основа на мислењата од соодветните одделенија и образложената писмена изјава на членот на Академијата. По истата постапка Претседателството дава согласност и за преминувањето на член на Академијата од едно во друго одделение.

Член 105

Ново одделение може да се основа само ако има најмалку пет членови на Академијата во работниот состав кои ќе ја остваруваат својата активност во новото одделение и ако со основањето на новото одделение бројот на членовите на постојните одделенија не се намалува под пет членови.

За основање на ново одделение или за соединување или укинување на постојни одделенија решава Собранието на Академијата врз основа на

образложен предлог од Претседателството на Академијата. Овој предлог Претседателството го поднесува по сопствена иницијатива, на барање од најмалку едно одделение или од пет членови на Академијата во работниот состав.

Претседателството на Академијата, пред да го утврди предлогот за основање на ново одделение или за соединување или укинување на постојни одделенија, бара мислења од сите одделенија на Академијата. Доколку во некое одделение нема единствен став за оправданоста од основање на ново одделение или за соединување или укинување на постојни одделенија, во мислењето на одделението треба да бидат изнесени и ставовите што не добиле поддршка од мнозинството членови на одделението.

Кон предлогот на Претседателството на Академијата за основање на ново или за соединување или укинување на постојни одделенија треба да бидат приложени барањето на подносителот и мислењата на одделенијата, кои им се доставуваат на сите членови на Академијата.

Ако Претседателството на Академијата не го прифати барањето за основање на ново одделение или за соединување или укинување на постојни одделенија, тоа е должно на Собранието на Академијата да му го достави барањето на подносителот со образложение на причините поради кои барањето не го прифатило.

Член 106

Одделенијата на Академијата:

1. Ги разгледуваат состојбите во областа на соодветните науки, односно уметности и даваат мислења и предлози за нивно унапредување, за примена на современите научни знаења и резултати од научните истражувања, за оспособување и усовршување на научноистражувачки и уметнички кадри, за негување и заштита на културното наследство и природното богатство, за утврдување на политиката на Републиката во областа на науките и уметностите;

2. Даваат мислења за прашања од областа на соодветните науки и уметности за кои решаваат Собранието или Претседателството на Академијата;

3. Расправаат по предлозите за објавување на научни трудови и уметнички творби на своите членови, како и за трудовите, односно творбите од областа на соодветните науки и уметности што се поднесени на Академијата за објавување, решаваат за објавување на трудови и творби во списанието на одделението и утврдуваат предлози за објавување на трудови, односно творби во други публикации на Академијата, предлагаат издавање на нови публикации на Академијата;

4. Именуваат членови на уредувачкиот одбор на списанието на одделението и предлагаат уредници или членови за уредувачки одбори на другите публикации на Академијата;

5. Даваат иницијатива за откуп на научни публикации и уметнички творби, како и за откуп на документи од интерес за науката и уметноста;

6. Даваат мислења за научноистражувачките и уметничките проекти што се изведуваат во Академијата;

7. Предлагаат организирање на научни и свечени собири и уметнички приредби и решаваат за одржување на предавања;

8. Ги утврдуваат програмите за својата работа;

9. Предлагаат кандидати за членови на Академијата во работниот состав, за членови надвор од работниот состав и за почесни членови, ги разгледуваат и со тајно гласање се изјаснуваат по предлозите за избор на членови во работниот состав што се поднесени од сенатите на универзитетите, од наставно-научните совети на факултетите, од наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и од советите на научните установи.

10. Определуваат известители по предлозите за избор на членови на Академијата во работниот состав, членови надвор од работниот состав и почесни членови на Академијата;

11. Предлагаат промена на статусот член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен или на редовен член и на статусот член на Академијата во работниот состав во статус на член на Академијата надвор од работниот состав.

12. Го избираат и го разрешуваат секретарот на одделението;

13. Му предлагаат на Претседателството делегат или членови на делегациите што ја претставуваат Академијата пред други академии на науките и уметностите, меѓународни научни и уметнички асоцијации и организации и високообразовни, научни и уметнички установи или организации во земјата и во странство;

14. Даваат мислења за барањата на членовите на одделението за вршење истражувања во областа на науките и уметностите, за учество на научни собири и уметнички приредби, како и за одржување на предавања или претставување на уметничките творби;

15. Предлагаат да бидат поканети научни работници и уметници да ја посетат Академијата или да одржат предавања или претставување на уметнички творби;

16. Формираат работни тела и даваат иницијатива за формирање на работни тела на Академијата;

17. На барање од Претседателството предлагаат кандидати за членови на одбори и комисии што ги формира Претседателството на Академијата или што ги делегира тоа во органите на одделни научни или уметнички установи и организации, како и во одделни тела што се формираат во овие области надвор од Академијата или спогодбено со неа;

18. Предлагаат мерки за обезбедување услови за научна работа и уметничко творештво на членовите на Академијата;

19. Вршат и други работи утврдени со овој статут и со друг општ акт на Собранието или на Претседателството на Академијата.

Член 107

Работата на одделението ја раководи секретар.

Член на Академијата не може да биде избран за секретар на одделението во два мандатни периоди едноподруго.

Ограничувањето од претходниот став на овој член не се однесува на член на Академијата кој на оваа функција бил помалку од две години.

За секретар на одделението може да биде предложен и избран редовен член на Академијата.

Предлог за избор на секретар на одделение можат да поднесат најмалку два члена на одделението.

За секретар на одделение е избран кандидат што добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделението.

Ако ниеден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува. Ако при првото гласање имало повеќе од два кандидати и ниеден од нив не го добил потребното мнозинство, во повторното гласање учествуваат само двата кандидати што добиле најголем број гласови.

Ако и при повторното гласање ниеден од кандидатите не го добие потребното мнозинство, се пристапува кон предлагање на нови кандидати. Кандидат којшто на две гласања не го добие потребното мнозинство гласови, не може повеќе да биде кандидат.

Член 108

Секретар на одделение може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран.

Предлог за разрешување на секретарот може да поднесе најмалку една третина од членовите на одделението.

Секретарот на одделението е должен во рок од 15 дена од добивањето на предлогот за разрешување да свика седница на одделението за изјаснување по предлогот.

За разрешување на секретарот одделението решава со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одделението.

Член 109

Ако поради разрешување, оставка или други причини функцијата секретар на одделение остане слободна пред времето за кое тој е избран, а до истекот на времето за кое бил избран има повеќе од шест месеци, ќе се изврши избор на нов секретар и тоа на истата седница веднаш по разрешувањето на секретарот, односно најдоцна во рок од 15 дена од денот кога функцијата секретар станала слободна. Во овој случај, мандатот на новоизбраниот секретар трае до истекот на времето за кое бил избран секретарот на чие место е избран нов секретар.

Ако до истекот на времето за кое бил избран секретарот има помалку од шест месеци, одделението избира вршител на должноста секретар.

До изборот на нов секретар, односно вршител на должноста секретар, седниците на одделението ги свикува најстариот член на одделението.

Член 110

Секретарот на одделението ги свикува седниците на одделението, го подготвува дневниот ред на седниците, претседава на седниците, ги потпишува одлуките и другите акти на одделението и се грижи за нивното извршување.

Секретарот ги свикува седниците на одделението по сопствена иницијатива, на предлог од Претседателството на Академијата или на барање од три члена на одделението.

Доколку секретарот не е во можност да свика седница на одделението, седницата ја свикува најстариот член на одделението.

Во случај на подолга отсутност или спреченост на секретарот, одделението од редот на своите членови избира член кој привремено ќе го заменува.

Член 111

Прашањата од својот делокруг одделенијата ги разгледуваат и за нив решаваат на седници.

За прашањата од својот делокруг одделенијата решаваат јавно. Со тајно гласање се врши избор на секретар на одделението, се утврдуваат предлозите за избор на членови на Академијата, се изјаснува по предлозите за избор на членови во работниот состав што се поднесени од сенат на универзитет, наставно-научен совет на факултет, наставно-научен уметнички совети на уметничка академија и од совет на научна установа и се утврдува предлог за промена на статусот член на Академијата надвор од работниот состав во статус на дописен или на редовен член и на статусот член на Академијата во работниот состав во статус член на Академијата надвор од работниот состав. Одделението може да решава со тајно гласање и за други прашања, ако така заклучи мнозинството од присутните членови.

Член 112

Одделението може полноважно да решава ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број членови на одделението.

Полноважни се само оние решенија на одделението за кои гласало мнозинството од присутните членови на одделението. За избор на секретар на одделението, за утврдување на предлози за избор на дописни членови и за изјаснување по предлозите од надвор за избор на дописни членови на Академијата е потребно мнозинство од вкупниот број членови на одделението. За утврдување на предлози за избор на редовни членови, за изјаснување по предлозите од надвор за избор на редовни членови на Академијата е потребно мнозинство од вкупниот број на редовни членови на одделението.

Член 113

За проучување на одделни прашања од својот делокруг и за подготвување на предлози и мислења по овие прашања, одделенијата можат да формираат работни групи.

За членови на работна група, покрај членовите на соодветното одделение, можат да бидат именувани и научни работници и уметници кои не се членови на Академијата.

Со решението за формирање на работната група се утврдуваат составот, задачите и времето за кое таа се формира.

Работните групи се должни  на одделението што ги формирало, да му поднесуваат годишни извештаи за својата работа, а на негово барање да поднесуваат и посебни извештаи за остварување на одделни задачи што им се доверени.

*2. Научни и уметнички организациони единици*

Член 114

Научни единици во состав на Академијата се: Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали, Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија, Лексикографскиот центар, Истражувачкиот центар за стратегиски истражувања и Истражувачкиот центар за ареална лингвистика.

Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали поттикнува, организира, координира и врши фундаментални истражувања и ис-

тражувања насочени кон примена на нови технологии во областа на енергетиката, информатиката и материјалите.

Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија поттикнува, организира, координира и врши фундаментални истражувања и истражувања насочени кон примена на нови технологии во областа на генетското инженерство и биотехнологијата.

Лексикографскиот центар подготвува енциклопедиски, библиографски, терминолошки и други лексикографски изданија.

Истражувачкиот центар за стратегиски истражувања врши поттикнување, организирање и реализирање на истражувањата, предавањата и јавните дискусии за стратешките прашања коишто се од национално и меѓународно значење.

Истражувачкиот центар за ареална лингвистика врши изучување на сите аспекти на фукционирањето и еволуцијата на македонскиот јазик, сврзани со факторот простор.

Увид во работата на Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали врши Одделението за технички науки и Одделението за природно-математички и биотехнички науки, во работата на Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија – Одделението за медицински науки и Одделението за природно-математички и биотехнички науки, во работата на Лексикографскиот центар и Истражувачкиот центар за стратегиски истражувања – сите одделенија на Академијата, а во работата на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика – Одделението за лингвистика и литературна наука.

Член 115

За остварување на истражувања во областа на науките и уметностите од потраен карактер во состав на Академијата можат да се основаат и други научни и уметнички организациони единици.

Научна и уметничка организациона единица се основа со решение на Собранието врз основа на образложен предлог од Претседателството на Академијата. Овој предлог Претседателството го утврдува на иницијатива од соодветно одделение, а по добиени мислења од другите одделенија на Академијата.

Задачите на научната и уметничката организациона единица и изворите на средства за нејзиното финансирање се утврдуваат со актот за основање.

Научната и уметничката организациона единица ги остварува своите задачи според насоките на одделение на Академијата определено за вршење на увид во нејзиното работење.

Член 116

Работата на научната и уметничката организациона единица ја раководи член на Академијата.

Раководителот на научната или уметничката организациона единица го именува и разрешува Претседателството на Академијата, на предлог од соодветното одделение, односно од соодветните одделенија, ако активноста опфаќа повеќе одделенија.

Раководителот на научна и уметничка организациона единица се именува на четири години и, по истекот на ова време, тој може повторно да биде именуван на истата должност. Тој може да биде разрешен и пред времето за кое е именуван.

Раководителот на научна и уметничка организациона единица има право да присуствува на седниците на Претседателството кога на нивниот дневен ред се наоѓаат прашања од непосреден интерес за соодветната единица.

Раководителот на научна и уметничка организациона единица ги има правата и должностите на работоводен орган во поглед на остварувањето на правата и обврските на работниците во единицата што произлегуваат од работниот однос, утврдени со закон, колективен договор или друг акт, или пренесени од претседателот на Академијата.

На раководителот на научна и уметничка организациона единица му припаѓа месечна награда, чијашто висина ја определува Претседателството на Академијата.

Член 117

Во научната и уметничката организациона единица постои совет, чиишто членови се именуваат за време од четири години.

Членовите на советот ги именува Претседателството на Академијата на предлог од соодветното одделение на Академијата, а од редот на членовите на Академијата и од научни работници и уметниците што не се членови на Академијата.

Член 118

Научната и уметничката организациона единица своите задачи ги остварува според програма за работа, која е составен дел од програмата за работа на Академијата.

Програмата за работа на организационата единица ја утврдува советот на организационата единица и ја доставува за разгледување на соодветното одделение, односно на соодветните одделенија, коешто со свое мислење ја доставува до Претседателството на Академијата за усвојување.

Член 119

За својата работа научната и уметничката организациона единица, преку соодветното одделение, односно соодветните одделенија, доставува до Претседателството на Академијата годишен извештај за работа.

На барање од соодветното одделение, односно соодветните ооделенија, или од Претседателството на Академијата организационата единица поднесува и посебни извештаи за остварувањето на одделни задачи.

Член 120

За остварување на задачите во научната и уметничката организациона единица можат да се вработуваат истражувачи во научни звања, соработници – истражувачи и уметнички соработници (научни и уметнички соработници).

Засновањето на работниот однос и изборот во звање на истражувачите и соработниците од став 1 на овој член се врши во согласност со Законот за Македонската академија на науките и уметностите, Законот за научно-истражувачката дејност, Законот за културата, Законот за работните односи, овој статут и подзаконските акти на Академијата.

Организацијата и систематизацијата на работните места во научната и уметничката организациона единица се уредуваат со акт што го донесува Претседателството на Академијата по предлог од советот на единицата и мислење

од одделението, односно одделенијата определени за вршење увид во работата на единицата.

Член 121

Вработените во научната и уметничката организациона единица можат да бидат повикувани на седници на соодветното одделение, односно на соодветните одделенија на Академијата при разгледувањето на прашања во врска со остварувањето на задачите заради кои е основана единицата. При разгледувањето на овие прашања тие можат да изнесуваат свои мислења и да даваат предлози, но не можат да учествуваат во решавањето.

Член 122

Претседателството на Академијата со посебен правилник, што го донесува по прибавено мислење од одделенијата на Академијата и советите на научите и уметничките организациони единици, пропишува поблиски одредби за: условите и постапката за основање на нови научни и уметнички организациони единици, за правата и должностите на раководителот, за составот и задачите на советот, за распоредувањето и користењето на финансиските средства, за покривањето на трошоците на единицата и режиските трошоци, за односот на единицата, одделенијата и Претседателството, за звањата на вработените и за обезбедувањето на плата, како и за други прашања во врска со нејзината дејност.

Специфичностите на научната и уметничката организациона единица кои-што не можат да се опфатат со општиот правилник се уредуваат со посебен правилник што го донесува Претседателството на Академијата на предлог од советот на единицата и мислење од одделенијата на Академијата.

*3. Стручни единици*

Член 123

Стручни единици во состав на Академијата се Библиотеката и Архивот.

Во состав на Академијата можат да се основаат и други стручни единици.

Други стручни единици во состав на Академијата се основаат и нивните задачи се утврдуваат со решение на Собранието на Академијата на предлог од Претседателството. Предлог за нивното основање Претседателството поднесува по сопствена иницијатива или на иницијатива од соодветно одделение на Академијата и по добиени мислења од другите одделенијата.

Член 124

Библиотеката на Академијата:

– набавува, стручно обработува и чува книги, списанија и други печатени публикации и го организира нивното користење;

– врши размена и позајмување на изданијата на Академијата со други академии на науките и уметностите и со други научни и уметнички организации во земјата и во странство;

– врши други работи од областа на библиотечната дејност што се од интерес за остварување на задачите на Академијата.

Член 125

Архивот на Академијата:

– собира, средува, обработува и заштитува архивска граѓа и документарен материјал од работата на Академијата, архивска граѓа од работата на членовите на Академијата, како и архивска граѓа на граѓанско-правни лица и поединци, што е од значење за развитокот на науките и уметностите во Македонија;

– врши истражувања заради комплетирање на архивските фондови и збирки;

– го организира користењето на архивскиот материјал;

– врши други работи од областа на архивската дејност што се од интерес за остварување на задачите на Академијата.

Член 126

Библиотеката и Архивот на Академијата своите задачи ги остваруваат според законските прописи за библиотеките, односно за архивите.

Член 127

Библиотечниот и архивскиот фонд можат да ги користат членовите на Академијата, научни работници и уметници кои не се членови на Академијата, како и научни и уметнички установи, под услови пропишани од Претседателството на Академијата.

Член 128

За разгледување на прашања од делокругот на стручната единица и за заземање на ставови за овие прашања во стручните единици се формираат одбори.

Во Библиотеката се формира Библиотечен одбор, а во Архивот – Архивски одбор, во кои секое одделение е застапено со по еден член.

Претседателот и членовите на одборите ги именува Претседателството на Академијата, на предлог од одделенијата, за време од четири години.

Член 129

Раководителот на стручната единица се именува со конкурс.

Раководителот на стручната единица се именува и разрешува на предлог од Библиотечниот, односно Архивскиот одбор.

Претседателството на Академијата дава согласност на актот за негово именување и разрешување.

Член 130

Заснoвањето на работниот однос на работниците во стручните единици и нивното унапредување се врши во согласност со Законот за Македонската академија на науките и уметностите, Законот за работните односи, овој Статут, колективен договор и подзаконските акти на Академијата.

Работниците во стручните единици можат да бидат избирани во звања предвидени со закон. Тие можат да бидат повикувани на седници на одделенијата и на Претседателството при разгледување на прашања во врска со остварувањето на задачите на соодветната стручна единица.

Член 131

Поблиски одредби за работата на стручната единица, за правата и должностите на раководителот, за задачите на одборот, за користењето на финансиските средства, за изборот на работниците во стручни звања, за

користењето на библиотечниот, односно на архивскиот фонд и за други прашања од значење за остварување на задачите на стручната единица, пропишува Претседателството на Академијата со посебни правилници.

## VI. СРЕДСТВА НА АКАДЕМИЈАТА

### *1. Распоредување на средствата*

Член 132

Средствата за работа на Академијата се распоредуваат со финансискиот план и се користат за намените за кои се распоредени.

Средствата за работа обезбедени во Буџетот на Републиката се распоредуваат и се користат за намените за кои се обезбедени.

Средствата за работа обезбедени со посебни договори се распоредуваат и користат според намените утврдени во договорот.

Член 133

Предлогот на финансискиот план го утврдува Претседателството на Академијата, врз основа на нацртот на финансискиот план поднесен од Извршниот одбор на Претседателството и мислењата од одделенијата. Мислењето на одделението ги содржи и мислењата на соодветните научни и уметнички организациони единици во чија работа одделението врши увид.

Член 134

За користењето на средствата на Академијата решава Претседателството на Академијата, а по негово овластување за одделни намени може да решава Извршниот одбор на Претседателството или соодветно работно тело.

Наредбодател за користењето на средствата е претседателот на Академијата, кој може, со согласност на Претседателството на Академијата, дел од правата на наредбодател да пренесе на потпретседателот, секретарот, раководителот на научна и уметничка организациона единица и претседателот на управниот одбор на фондација или фонд, како и на секретарот на Секретаријатот.

Член 135

Извршувањето на финансискиот план и конечната распределба на средствата што ги остварила Академијата од одделни извори во текот на една календарска година се утврдуваат со годишната сметка, која се изготвува според важечките законски прописи.

Предлогот на годишната сметка го утврдува Претседателството врз основа на нацрт поднесен од Извршниот одбор на Претседателството.

### *2. Завештанија, подароци, фондови и фондации*

Член 136

Академијата може да прима завештанија или подароци наменети за остварување на задачите на Академијата.

За примањето на завештанија и подароци решава Претседателството на Академијата.

Член 137

Од имотот што и е пренесен на Академијата со завештание или со подарок можат, согласно со волјата на завештателот, односно дарителот, да се основаат фондови и фондации.

Фондови и фондации можат да се основаат и од сопствените приходи на Академијата за финансирање на определени потреби што имаат потраен карактер.

Предлог за основање на фонд и на фондација утврдува Претседателство на Академијата по сопствена иницијатива или на предлог од одделение на Академијата.

Со решението за основање на фондот и на фондацијата се утврдуваат целите заради кои тој се основа, изворите на неговите средства и управувањето со фондот и со фондацијата.

Член 138

Фондовите и фондациите донесуваат свој годишен финансиски план и годишна сметка.

Фондовите и фондациите му поднесуваат на Претседателството на Академијата годишен извештај за својата работа и за управувањето со имотот.

Член 139

Организацијата на работата и управувањето со средствата на фондот и на фондацијата, како и нивното користење се уредуваат со правилник што го донесува Претседателството на Академијата врз основа на предлог поднесен од органот на управување на фондот и на фондацијата и мислење од одделенијата.

Доколку фондот и фондацијата се формирани со имот пренесен на Академијата, со завештание или подарок, правилникот од претходниот став на овој член треба да биде во согласност и со волјата на завештателот, односно дарителот.

## VII ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АКАДЕМИЈАТА

Член 140

Средствата за плати, додатоците на плати и надоместоците од плата на вработените во Македонската академија на науките и уметностите, обезбедени од Буџетот на Република Македонија и од други приходи, се распоредуваат со Статутот на Академијата, правилници и колективен договор во согласност со Законот за Македонската академија на науките и уметностите.

Вредноста на бодот за платите на вработените во Академијата се утврдува секоја година со одлука на Извршниот одбор на Претседателството на Академијата.

Член 141

Научни соработници во смисла на член 26 став 3, алинеја 1, од Законот за Македонската академија на науките и уметностите се вработените во научноистражувачките центри: научен советник, виш научен соработник, научен соработник, асистент и помлад-асистент.

Член 142

Стручно-административни соработници во смисла на член 26 став 3 алинеја 2 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите се вработените во стручните единици на Академијата, во Секретаријатот на Академијата, административните секретари и лаборантите во научноистражувачките центри на Академијата.

Член 143

Технички и помошни работници во смисла на член 26 став 3 алинеја 3 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите се вработените во Секретаријатот на Академијата и во научноистражувачките центри кои вршат технички и помошни работи.

Член 144

Вработените во Академијата имаат право на основна плата, додаток на плата за звање (за работно место), додаток на плата за работно искуство и други додатоци и надоместоци на плата утврдени со актите на Академијата.

Со основната плата се обезбедува вреднување на соодветниот степен на образование утврден со актот за систематизација на работните места и се вреднува од 70 бода за основно образование до 300 бода за докторат на науки.

Со додатокот на плата за звање (за работно место) се обезбедува вреднување на секое звање (работно место) во зависност од видот и обемот на работата, сложеноста и одговорноста за извршување на работата и се вреднува:

– за научните соработници во научноистражувачките центри од 200 бода за помлад асистент (соработник-истражувач) до 580 бода за научен советник;

– за стручно-административни соработници од 166 бода за референт до 671 бод за секретарот на Секретаријатот;

– за вработените кои вршат технички и помошни работи од 146 бода за хигиеничар до 196 бода за возач.

Додатокот на плата за работно искуство се определува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образование за соодветната група и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.”

## VIII. ПРИЗНАНИЈА

Член 145

Се востановува меѓународното признание „Блаже Конески” на Македонската академија на науките и уметностите, кое ќе се доделува за посебен придонес на странски творци во областа на македонската наука, култура и уметност.

Признанието се состои од диплома и златен медал со лента со ликот на Блаже Конески на аверсот и, полниот назив на Академијата на реверсот.

Доделувањето на медалот ќе се врши според условите и постапката утврдени во правилник што ќе го донесе Претседателството на Акаде-мијата.

## IX. СЕКРЕТАРИЈАТ НА АКАДЕМИЈАТА

### *1. Начела за организација на Секретаријатот*

Член 146

За вршење на стручни, информативно-документациони, административно-оперативни, финансиски, технички и други помошни и општи работи Академијата има Секретаријат.

Засновањето на работниот однос на работниците во Секретаријатот и нивното унапредување се врши во согласност со Законот за Македонската

академија на науките и уметностите, Законот за работните односи, овој статут, колективен договор и подзаконските акти на Академијата.

Во Секретаријатот постојат внатрешни организациони единици.

Изборот на раководители на организационите единици се врши врз основа на конкурс.

Изборот го врши секретарот на Секретаријатот по добиена претходна согласност од Претседателството на Академијата.

Член 147

Организацијата и систематизацијата на работните места во стручните единици и во организационите единици на Секретаријатот на Академијата се уредуваат со акт што го донесува Претседателството на предлог од одборот на стручната единица, односно од секретарот на Секретаријатот и мислења од одделенијата.

Член 148

Со колективен договор склучен помеѓу Академијата и синдикатот на работниците во Академијата, а во согласност со закон и колективен договор, поблиску се уредуваат односите меѓу работниците и Академијата во врска со правата, обврските и одговорностите од работен однос, обемот и начинот на остварување на правата и обврските, начинот и постапката за решавање на меѓусебните односи, како и други прашања од интерес за работниците и Академијата.

*2. Секретар на Секретаријатот*

Член 149

Работата на Секретаријатот на Академијата ја раководи секретар.

Во случај на спреченост или отсутност, секретарот на Секретаријатот го заменува работник во Секретаријатот што ќе го определи Извршниот одбор на Претседателството на Академијата.

Член 150

Секретарот на Секретаријатот го именува Претседателството на Академијата врз основа на конкурс за време од четири години. Доколку до истекот на мандатот не биде именуван секретар на Секретаријатот, Прет-седателството на Академијата именува, за време од најмногу шест месеци, вршител на должноста секретар на Секретаријатот.

За секретар на Секретаријатот може да биде именувано лице со висока школска подготовка, кое има најмалку пет години работно искуство и покажало организациони способности и кое активно владее еден светски јазик.

Секретарот на Секретаријатот може, по истекот на времето за кое е именуван, да биде повторно именуван на истата функција.

Член 151

Секретарот на Секретаријатот се грижи за административното извршување на општите акти и заклучоци на органите, одделенијата и работните тела, на советите на научните и уметничките единици и одборите на стручните единици на Академијата, ги води записниците од седниците на Извршниот одбор и Претседателството на Академијата и го организира работењето на организационите единици во Секретаријатот на Академијата.

Секретарот на Секретаријатот ги врши задачите од претходниот став, во согласност со насоките на Собранието и Претседателството на Академијата и според упатствата на Извршниот одбор на Претседателството.

Член 152

Секретарот на Секретаријатот ги има правата и должностите на работоводен орган во поглед на остварувањето на правата и обврските на работниците во стручните единици и во Секретаријатот на Академијата што произлегуваат од работниот однос, а се утврдени со закон, колективен договор или друг акт.

Член 153

За својата работа и за работата на Секретаријатот, секретарот е одговорен пред Претседателството на Академијата.

Секретарот на Секретаријатот му поднесува на Претседателството на Академијата годишен извештај за работата на Секретаријатот. Тој е должен на барање од Претседателството на Академијата и неговиот Извршен одбор, како и на барање од одделенијата на Академијата, да им поднесува посебни извештаи за работата на одделни организациони единици.

Член 154

Секретарот на Секретаријатот може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е именуван, ако во вршењето на обврските не обезбедува спроведување на законите и на другите прописи и општи акти, не ги спроведува заклучоците и не се придржува кон насоките на органите наведени во член 151 од овој статут.

Предлог за разрешување на секретарот на Секретаријатот можат на Претседателството на Академијата да му поднесат Извршниот одбор на Претседателството и одделение на Академијата.

Член 155

Претседателството на Академијата по потреба именува и разрешува заменик на секретарот на Секретаријатот.

## X. ОПШТИ АКТИ НА АКАДЕМИЈАТА

### *1. Измени на Статутот на Академијата*

Член 156

За измени на Статутот на Академијата решава Собранието на Академијата.

Статутот на Академијата се менува и дополнува со одлука, што се донесува по постапка утврдена со овој статут.

Член 157

Предлог за пристапување кон измена на статутот можат да поднесат: Претседателството на Академијата, одделение на Академијата и најмалку една третина од членовите на Академијата во работниот состав.

Предлогот за пристапување кон измена на статутот треба да ги содржи измените што се предлагаат и причините заради кои тие се предлагаат.

За предлогот за пристапување кон измена на статутот решава Собранието на Академијата, со мнозинство гласови од присутните членови на Академијата во работниот состав.

Член 158

По прифаќањето на предлогот за пристапување кон измена на статутот, Собранието на Академијата именува работна група за изработка нацрт на одлука за измена на статутот.

Нацртот на одлука за измена на статутот го утврдува Претседателството на Академијата.

Нацртот на одлука за измена на статутот се доставува до сите членови на Академијата во работниот состав и се разгледува на седници на одделенијата.

Член 159

Врз основа на мислењата и предлозите од одделенијата, Претседателството на Академијата утврдува предлог на одлука за измена на статутот.

По предлогот на одлука за измена на статутот решава Собранието на Академијата, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Академијата во работниот состав.

Ако предлогот за измена на статутот не е усвоен, ист предлог не може да се поднесе пред истекот на една година од денот кога предлогот не бил усвоен.

Член 160

По постапката утврдена во членовите 156–159 се донесува и нов статут на Академијата.

*2. Донесување на правилници и други општи акти*

Член 161

Предлози за донесување на правилници и други општи акти на Претседателството на Академијата му поднесуваат: Извршниот одбор на Претседателството, одделенијата на Академијата, по сопствена иницијатива или по иницијатива на научните и уметничките организациони едници, како и најмалку пет членови на Академијата во работниот состав.

За изработка на нацрт на правилник и друг општ акт Претседателството може да формира посебна работна група.

Нацртите на правилници и други општи акти се разгледуваат на седници на одделенијата, а со одлука на Претседателството на Академијата можат да бидат разгледувани и од одделни научни и уметнички организациони единици, кои своите мислења и предлози ги доставуваат до соодветното одделение.

*3. Објавување на статутот и другите општи акти*

Член 162

Статутот на Академијата и другите ошти акти се објавуваат во Билтенот на Академијата, а можат да бидат објавени и на друг начин определен во самиот акт.

Член 163

Статутот и другите ошти акти влегуваат во сила осмиот ден од денот на нивното објавување.

Само од особено оправдани причини може да се определи статутот и друг општ акт да влезе во сила во рок пократок од осум дена од денот на неговото објавување или истиот ден кога е објавен.

Член 164

Статутот и другите ошти акти не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, доколку одделни нивни одредби се поповолни за остварување на задачите на Академијата и за правата на нејзините членови.

## XI. АМБЛЕМ И ПЕЧАТ НА АКАДЕМИЈАТА

Член 165

Амблемот на Академијата има форма на квадрат со заоблени агли. Во поголемиот дел од површината на квадратот се наоѓа симболизиран изгрев на сонце околу кое фонот е црн. Во средината на сонцето се наоѓа стилизирана македонска куќа.

Член 166

Печатот на Академијата има тркалезна форма. Во средината на печатот е амблемот на Академијата, а околу амблемот се називот на Академијата и најзиното седиште.

Член 167

Поблиски одредби за формата и димензиите на амблемот и печатот на Академијата и за нивната употреба пропишува Претседателството на Академијата.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 168

Општите акти на Академијата, на нејзините научни и уметнички организациони единици и на стручни единици, како и на Секретаријатот на Академијата, ќе се сообразат со одредбите на овој статут во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 169

На членовите на Претседателството и на секретарот на Секретаријатот на Академијата им престанува мандатот со истекот на времето за кое се избрани, односно именувани.

Член 170

Со денот на влегувањето на овој статут во сила престануваат да важат: Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Службен весник на СРМ" бр. 30/78) и одлуките за измена на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Службен весник на СРМ" бр. 31/83 и 13/91, „Службен весник на РМ" бр. 34/91).

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АКАДЕМИЈАТА,

акад. Владо Камбовски